**20111593485**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 и 51/2011 ) и член 34-а од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија” број 04/2008, 57/2010 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.11.2011 година,донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Член 1

Со оваа одлука се формира Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам (во понатамошниот текст: Совет) заради унапредување на меѓуинституционалната соработка согласно целите на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

Член 2

Советот се состои од претседател – директорот на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и четиринаесет членови од редот на : Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за финансии, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Управа за финансиска полиција, Царинска управа, Управа за јавни приходи, Народна банка на Република Македонија, Комисија за хартии од вредност на Република Македонија, Агенција за супервизија на осигурување, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Агенција за пошти, како и претставници на Адвокатска комора на Република Македонија и Нотарска комора на Република Македонија.

Член 3

Советот доставува до Владата на Република Македонија годишен извештај за реализирањето на целите и извршување на други работи утврдени со Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија” број 71/2005).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-6466/1
8 ноември 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.